# Извештај од постигнувањето на целите наведени во Стратешкиот план на ФФМ (2016-2021-2018)

| | |
|---|---|
| Сезона: | 2018/2019 година |
| Подготвил: | Раководители на оддели при ФФМ<br><br>Генерален секретар |

**Фудбалот на прво место, создаваме можности.**

<u>Регистрација на фудбалери</u>

1. Во сезоните 2015/2016; 2016/2017; 2017/2018; 2018/2019 е евидентно и контируирано зголемен бројот на регистрација на фудбалери во категоријата **фудбалски клуб**-мажи(сениорски лиги и младински лиги) и тоа:
1.1 сезона 2015/2016 се регистрирани вкупно 10074 фудбалери
1.2 сезона 2016/2017 се регистрирани вкупно 15066 фудбалери
1.3 сезона 2017/2018 се регистрирани вкупно 20490 фудбалери
1.4 сезона 2018/2019 се регистрирани вкупно 26199 фудбалери

2. Во сезоните 2015/2016; 2016/2017; 2017/2018; 2018/2019 е евидентно и контируирано зголемен бројот на регистрација на фудбалери во категоријата **женски фудбалски клуб**(сениорски лиги и младински лиги) и тоа:
2.1 сезона 2015/2016 се регистрирани вкупно 269 фудбалери
2.2 сезона 2016/2017 се регистрирани вкупно 477 фудбалери
2.3 сезона 2017/2018 се регистрирани вкупно 925 фудбалери
2.4 сезона 2018/2019 се регистрирани вкупно 1278 фудбалери

3. Во сезоните 2015/2016; 2016/2017; 2017/2018; 2018/2019 е евидентно и контируирано зголемен бројот на регистрација на фудбалери во категоријата **футсал клуб**, и тоа:
3.1 сезона 2015/2016 се регистрирани вкупно 528 фудбалери
3.2 сезона 2016/2017 се регистрирани вкупно 715 фудбалери
3.3 сезона 2017/2018 се регистрирани вкупно 849 фудбалери
3.4 сезона 2018/2019 се регистрирани вкупно 970 фудбалери



Фудбалери во фудбалски клуб-мажи



фудбалери во Фудбалски клуб жени



фудбалери во фудбалски клуб футсал

Сениорски екипи – сезона 2018/2019

Во националното Првенство сениори во (Прва МФЛ, двете Втори лиги и Регионалните лиги, вкупно има 102 клуба.

1. Прва МФЛ брои 10 екипи
2.Втора МФЛ ,,ЗАПАД,, брои 10 екипи
3. Втора МФЛ ,,ИСТОК,, брои 10 екипи

4. 6 (шест) Регионални лиги кои се сочинети од :
4.1 Трета лига Централен регион 14 екипи
4.2 Трета лига ЈугоЗапад регион 14 екипи
4.3.Трета лига Исток регион 8 екипи
4.4.Трета лига Југ регион 9 екипи
4.5.Трета лига Запад регион 14 екипи
4.6 Трета лига Север регион 13 екипи

Младински фудбал – сезона 2018/2019

1. Супер лига брои 10 екипи по 4 категории (младинци 2000, кадети 2001, пионери 2002 и помлади пионери 2003) со вкупно 40 екипи

2.Втора младинска лига брои 10 екипи по 4 категории (младинци 2000, кадети 2001, пионери 2002 и помлади пионери 2003) со вкупно 40 екипи

3.Регионални лига ,,Запад,, (ген 2000-2001) брои 8 екипи по 2 категори во регион (младинци 2000 и кадети 2001) каде учествуваат 8 X 2 екипи и вкупно 16 екипи

4.Регионални лига,,Исток,,(ген.2002-2003) брои 12 екипи по 2 категори во регион (пионери 2002 и помлади пионери 2003) каде учествуваат 12 X 2 екипи и вкупно 24 екипи

5. 5(пет) Регионални лиги (Петлиња ген.2004- и Пом/петлиња 2005) - Регионално Полошки(2004) 12x1, Регионално Пелагониско езерска А лига (2004)8x1, Регионално Пелагониско езерска Б лига (2004)8x1,Регионално Пелагониско Езерска 2005= 8X1, Регионално Скопска (2004) 12x1, Регионално Скопска (2005) 12x1, Регионално Југоисточна лига (2004)8x1, Регионално Југоисточна лига (2005)8x1,Регионална Скопска ФФМ лига (2004) 10x1.

За сите години на сите учесници во Супер лига за млади категори на ФФМ има донирано фудбали за секоја категорија по 10 фудбали и комплет опреми и реквизити за сите генераци, се врши исплаќање на Кординаторите на екипите кој учествуват во Кервер системот, .а за другите екипи се плакат сите налози на службени лица од страна на ФФМ.

ФФМ Академии

Во проектот на Фудбалската федерација на Македонија,  во изминатите години од формирањето на националните академии како и УЕФА академијата која се наоѓа во склоп на Тренинг центарот на ФФМ, излезени се голем број на репрезентативци. На следната табела се прикажани следните податоци:

| генерација | Број на фудбалери | Настап за репрезентација | Актуелни репрезентативци |
|---|---|---|---|
| 1997/1998 | 35 | 1+4 +16 | Атим/У21/останати |
| 1998/1999 | 24 | 2 + 8 | У21 + останати |
| 1999/2000 | 34 | 1+2+5 | А тим/У21/останати |
| 2000/2001 | 33 | 3 + 7 | У21 и останати |
| 2001/2002 | 32 | 7 | У19 |
| 2002/2003 | 40 | 15 | У19 |
| 2003/2004 | 38 | 12+2 | У17 и У16 |
| 2004/2005 | 32 | 12 | У16 |

Систем на натпревари 2018/2019

Натпреварувањето во Прва  МФЛ  брои 10 клубови и  се игра четворо кружен систем-распоред.
Од сезона 2018/19 има 2 (две) Втори лиги (Исток и Запад) по 10 екипи со тро кружен систем-распоред.
Во третите лиги останува со 6 (шест) региона каде системот на натпревари го утврдува Управниот Одбор на истите региони.
Во младинските лиги системот за натпревари е променет и моментално Супер лига има 10 екипи во 4 категори и  се игра трокружен систем на натпревари.
Во Втора младинска лига моментално  има 10 екипи во 4 категори  и се игра трокружен систем – распоред.
Во   Регионални лига,,Запад,,  (ген.2000-2001)  учествуват   по  8  екипи  во  2  категори   во   регион  и тоа(младинци 2000 и кадети2001) и се игра трокружен  систем –распоред.
Во  Регионални лига,,Исток,, (ген.2002-2003) учествуват  по 12 екипи во 2 категори  во  регион и  тоа(пионери 2002 и помлади пионери 2003) и се игра дво кружен систем-распоред.
Во   Регионални  лига,,Полошки,,регион  (ген.2004)  во  период  од  сезона  2018-2019  каде  моментално учествуват  по 12 екипи во 1 категори  во  регион и  тоа(петлиња 2004) и се игра дво кружен систем-распоред.
Во Регионално Пелагониско езерска А лига (2004)8х1 во период од сезона 2018-2019 каде моментално учествуват  по 8 екипи во 1 категори  во  регион и  тоа(петлиња 2004) и се игра тро кружен систем-распоред.
Во Регионално Пелагониско езерска Б лига (2004)8х1 во период од сезона 2018-2019 каде моментално учествуват  по 8 екипи во 1 категори  во  регион и  тоа(петлиња 2004) и се игра тро кружен систем-распоред.
Во Регионално Пелагониско езерска  лига (2005)8х1 во период од сезона 2018-2019 каде моментално учествуват  по 8 екипи во 1 категори  во  регион и  тоа( помлади петлиња 2005) и се игра тро кружен систем-распоред.
Во Регионално Скопска  лига (2004) 12х1 во период од сезона 2018-2019 каде моментално  учествуват  по 12 екипи во 1 категори  во  регион и  тоа(петлиња 2004) и се игра дво кружен систем-распоред.
Во Регионално Скопска  лига (2005) 12х1 во период од сезона 2018-2019 каде моментално  учествуват  по 12 екипи во 1 категори  во  регион и  тоа( помлади петлиња 2005) и се игра дво кружен систем-распоред.
Во Регионално Југоисточна  лига (2004)8х1 во период од сезона 2018-2019 каде моментално  учествуват  по 8 екипи во 1 категори  во  регион и  тоа(петлиња 2004) и се игра тро кружен систем-распоред.

Во Регионално Југоисточна лига (2005)8х1 во период од сезона 2018-2019 каде моментално учествуват по 8 екипи во 1 категори во регион и тоа( помлади петлиња 2005) и се игра тро кружен систем-распоред.
Во Регионално Скопска ФФМ лига (2004) 10х1 во период од сезона 2018-2019 каде моментално учествуват по 10 екипи во 1 категори во регион и тоа(петлиња 2004) и се игра дво кружен систем-распоред.

Детски лиги:

Во натпреварувањата од детските лиги, бројот на клубови и фудбалери согласно сезоните изгледа според следниот редослед:
Сезона 2014/2015 (94 клубови и 4800 регистрирани играчи);
Сезона 2015/2016 (110 клубови и 7300 регистрирани играчи);
Сезона 2016/2017 (100 клубови и 7000 регистрирани играчи)
Сезона 2017/2018 (115 клубови и 7149 регистрирани играчи)
Сезона 2018/2019 (121 клубови и 7915 регистрирани играчи)







Постои зголемување на бројот на фудбалери во детските лиги во споредба со изминатите сезони и покрај промената на системот на натпреварување во последната сезона опфатена со извештајот 18-19. Тенденција е овој раст да продолжи и понатаму и истото е актуелно и во тековнава сезона, кога како и во најголем дел од претходните сезони, има раст од околу 5 % во клубови учесници односно 10 % во регистрирани играчи споредбено со претходната сезона.

Согласно нововоспоставениот систем за натпреварување, во сезона 18-19 вклучување во организацијата и на 6 назначени ОФС-а кои во голема мера придонесоа за подобрено функционирање. За издвојување, а како резултат на постоењето на лигите, во Ноември 2018 одржани 7 едукативни семинари за родители на фудбалери кои се натпреваруваат во лигите со учество на вкупно 800 родители и како еден од критериумите за стекнување со право за донација од ФФМ за детските лиги.

Во Декември 2018, на пригоден настан реализирана и огромна донација од вкупно 2600 комплети ЈАКО опрема и 1400 Адидас фудбали за сите клубови кои улествуваат во лигата.

Училишен фудбал:

Изготвениот проект со важност Септември 2017 – Јуни 2020, а одобрен од УЕФА, по првичното пролонгирање, започна со реализација во Март 2018. Истиот се одвива во соработка и теренска изведба од страна на Федерацијата за училишен спорт. Како главна цел на овој проект се јавува директното влијание и привлекување на играчи од училишниот фудбал во локалните клубови и нивно регистрирање во Комет системот со што покрај тоа што допринесуваме за раст на сите нивоа ( машки, женски и футсал),

влијаеме и на наведениот показател за успешност. Се работи за пилот проект во кој во наведениот тригодишен период, ФФМ беше една од четирите одбрани Национални асоцијации за изведба.

**Карактеристики на прва фаза(Март – Мај 2018):**

- Учество на 11 Општини и вкупно 44 Основни Училишта
- 2 Натпреварувачки категории (Ученици од 2ро/3то одд. и ученици од 4то/5то одд. )
- Повеќе од 5000 ученици учесници во училишни натпревари од кои околу 1000 девојчиња
- Одиграни 950 училишни натпревари на 475 настани
- Континуирана фудбалска активност која опфати три месеци

- Меѓуучилишни натпревари

- Одиграни 88 Меѓуучилишни натпревари на 22 настани

-Завршен турнир на ФФМ Тренинг Центар „Петар Милошевски“

- Учество на 22 екипи победници во своите Општини
- Околу 350 деца учесници, 2 категории, 28 натпревари, 8 мини терени

**Карактеристики на втора фаза(Септември 2018 – Мај 2019) :**

- Учество на 21 Општини и вкупно 80 Основни Училишта
- 2 Натпреварувачки категории (Ученици од 2ро/3то одд. и ученици од 4то/5то одд. )
- Повеќе од 10000 учесници во училишни натпревари од кои околу 2000 девојчиња
- Одиграни 3800 училишни натпревари на 1900 настани
- Континуирана фудбалска активност која опфати шест месеци

- Меѓуучилишни натпревари

- Одиграни 130 Меѓуучилишни натпревари на 42 настани

-Завршен турнир на ФФМ Тренинг Центар „Петар Милошевски“

- Учество на 42 екипи победници во своите Општини
- Околу 700 деца учесници, 2 категории, 92 натпревари, 8 мини терени

<u>Женски фудбал</u>

Како што беше наведено во делот Сениорски екипи, бројот на женски фубалери изнесува 1278.

Во текот на изминатата година имаме зголемен број на регистрирани фудбалери во женскиот фудбал. Одржани се предвидените настани за привлекување на девојчиња и формирани се официјалните лиги за млади категори во женски фудбал и тоа Младинска А лига, Младинска Б лига и Кадетска женска лига. Зголемен број на екипи ви Прва ЖФЛ вкупно 14 екипи.

Женското младинско натпреварување е поделено во 3 лиги.
Младинска А женска лига брои вкупно 7 клубови
Младинска Б женска лига брои вкупно 9 клубови
Кадетска женска лига брои вкупно 7 клубови
За истите од страна на ФФМ е обезбедена фудбалска опрема и им покрива половина од патните трошоци.

<u>Футсал</u>

Натпреварувањето во футсал има две лиги. Прва лига која брои 10 клубови и Втора лига која бори исто така 10 клубови.

Како што е наведено во делот на Сениорски екипи бројот на играчи во футсал категорија изнесува 970 фудбалери.

**Клубско лиценцирање**

Согласно Правилниците за лиценцирање, терминот за лиценцирање започна согласно предвидениот рок, со што Одделението за лиценцирање уредно испрати покана до сите клубови членови на Првата и Втората и Третите МФЛ. Целта беше сите клубови да се пријават во процесот за лиценцирање, како би влегле во постапката и би се здобиле со искуство за она што ги очекува во иднина

Документација во однос на УЕФА лиценцирањето беше доставена во предвидениот рок 01.03 за спортските, инфраструктурните, персоналните, додека за правните и финансиските критериуми беше 01.04.
По прегледот на документацијата се увидоа одредени недостатоци за што клубовите беа известени да ги отстранат одоносно да достават дополнителни докази со што би се докажала исполнителноста на критериумите од Правилникот за лиценцирање. Се соочивме со проблеми кај ФК Вардар АД – Скопје и ФК Победа АД - Прилеп, каде клубовите не ги исполнија финанските критериуми.

Комисијата за лиценцирање беше во тек од нејзиното назначување со активностите кои ние како Одделение за лиценцирање ги превземаме.

Комисијата донесе одлука дека се доделуваат лиценци за натпреварување во УЕФА за сезона 2019/20 на фудбалските клубови:

ФК Работнички АД – Скопје
ФК Ренова АД – с.Џепчиште, Тетово
ФК Шкендија АД – Тетово
ФК Македонија 1932 ЃП АД – Скопје
ФК Силекс АД – Кратово
ФК Академија Пандев АД – Струмица
ФК Беласица АД – Струмица
ФК Шкупи 1927 АД – Скопје

Додека клубовите ФК Победа АД – Прилеп и ФК Вардар АД – Скопје не добија лиценци за учество во УЕФА натпреварувања за сезона 2019/20.

Комисијата донесе одлука дека се доделуваат лиценци за натпреварување во Прва МФЛ на фудбалските клубови:

Академија Пандев АД – Струмица
Борец 1919 АД – Велес
Работнички АД – Скопје
Македонија 1932 ЃП АД – Скопје
Шкендија АД – Тетово
Ренова АД – с.Џепчиште
Силекс АД – Кратово
Шкупи 1927 АД – Скопје
Вардар АД – Скопје и
Струга ТримЛум АД - Струга,

Комисијата донесе одлука дека се доделуваат лиценци за натпреварување во Втора МФЛ на фудбалските клубови:

Пелистер АД - Битола

Охрид Лихнидос - Охрид
Кадино - Скопје
Кораб - Скопје
Велазерими 77 - Кичево
Скопје - Скопје
Дрита - Боговиње
Гостивар - Гостивар
Вардар Форино - Форино
Лабуништа 2011 - Лабуништа
Кожуф - Гевгелија
Кит Го - Пехчево
Питу Гули - Крушево
Плачковица - Радовиш
Победа - Прилеп
Беласица - Струмица
Каменица Саса – Македонска Каменица
Брегалница 2008 - Штип
ГФК Осогово - Кочани
Тиквеш 1930 - Кавадарци

Од оваа сезона стартува и клубското лиценцирање за клубовите од Првата Женска лига кои сакаат да се здобијат со лиценца за учество во УЕФА лига на шампиони за жени за сезона 2020/21.

Исто како и минатите сезони и оваа сезона во Одделениеето за лиценцирање беше извршена контрола од страна на сертификационата куќа СГС Швајцарија, дали истото функционира согласно Стандардите за лиценцирање на УЕФА. И оваа година резултатот беше позитивен во рамките на пропишаните регулативи.

SGS APPROVED
Club Licensing Quality
Standard V 2.0
www.uefa.com

Фудбалски судии, сезона 2018/2019

Сезоната 2018/2019 започна со измена на бројот на судии во Републиката, од 789 минатата сезона на 776, некои поради исполнување на старосната граница, а мал дел од презафатеност со работни обврски, доведе до оваа незначителна разлика. Оваа сезона Судиската комисија изготви стратегија шефовите на стручните штабови на клубовите од Првата и Вторите МФЛ да дадат по еден фудбалер во поодминати години како би ги регрутирале во Судиската организација. За сега оваа стратегија не дава некои значителни резултати, но се надеваме дека заинтересираноста ќе се подигне на повисоко ниво.

Оваа натпреварувачка сезона Единствената листа на Прва и Втора МФЛ броеше 51 судија на Главната листа, 67 на листата на асистенти, 6 судии жени и 15 асистенти судии жени, како и 42 контролори

Ангажираноста на ФИФА судиите стандардно, поради место во Првата група на судии на ФИФА Александар Ставрев е со најголем број натпревари во организација на УЕФА и ФИФА, но натпреварувачката година по однос на меѓународните ангажмани кулминираше со делегирањето на финалниот натпревар од ЕП за девојки до 19 години на нашата најдобра ФИФА судика, Ивана Промковска, која беспрекорно и со висока оцена го отсуди финалето помеѓу Франција и Германија.

Судиски едукации

Судиската организација секоја натпреварувачка година организира два семинари (летен и зимски) за судии и контролори, на кои што редовно се проверува физичката подготвеност на судиите, како и теоретската подготвеност како на судиите, така и на контролорите. Едукативниот дел по однос на Правилата на фудбалската игра, исто така, е задолжителен на секој семинар.

По однос на главните семинари пред почеток на сезоната се организираше летниот семинар од 25 до 29 јули 2018 година, а зимскиот од 12 до 17 февруари 2019 година. Двата семинари беа организирани во Охрид, во хотелот Инекс Олгица, а фитнес проверките на стадионот на СРЦ Атина Бојаџи. Како и секоја сезона, на зимскиот семинар беше спроведено и полагање за стекнување Републичка и Прва судиска категорија.

Низ сезоната беа организирани уште 5 фитнес проверки на судиите во Велес, каде исто така се организираа и предавања од Правилата на фудбалската игра на клубовите од Првата и двете Втори МФЛ, а во соработка со маркетинг и медиа одделот на ФФМ се спроведе такво предавање и на представници на медиумите од нашата Република.

Тренери

Во месеците Мај и Јуни 2019 се одржа курс за добивање на УЕФА Б тренерска диплома на која учествоземаа 31 тренер, (предвиден раст од 45 тренери). Ова беше 25-та генерација на тренери кандидати за УЕФА Б Диплома, групата проследи двонеделна програма од теоретско-практични презентации кои одеа во насока на работа со млади категории. За овие тренери теоретскиот испит се одржа во три термини и тоа во периодот Јуни, Јули и Септември 2019.

Пред почетокот на натпреварувачката 2019/20 сезона, во месец Август 2019, а заедно со тренерската организација на ФФМ, го организирше редовното годишно лиценцирање на сите тренери кои се активни во натпреварувањата на ФФМ. Тука спаѓаат тренери кои работат во Прва и Втора МФЛ, младинските лиги, женски фудбал како и футсал лигите.

Во периодот Октомври, Ноември 2019 Центарот за Едукација ја започна едукацијата на тренери кандидати за добивање на УЕФА А Диплома. Ова е 13-та генерација на тренери и во неа учество земаа вкупно 31 тренери.

Во месеците Април, Јуни, Септември, Октомври и Декември 2019, се одржаа модули за реализација на програмата за добивање на УЕФА Про Диплома, во првиот дел од групата учество земаа 12 тренери.

Како дел од Грасрут програмата за развој на фудбалот во детските лиги на ФФМ, одделот за грасрут заедно со Центарот за Едукација спроведоа реализација на програмата за едукација на тренери и родители вклучени односно инволвирани во натпреварувањата на Детските лиги на ФФМ. За таа цел во на 15ти Декември 2019 се одржа семинар за родители чии деца се членови на клубови кои се натпреваруваат во детските лиги на ФФМ – Национален Сертификат за лидери (Д – лиценца). каде присуствуваа околу 530 родители.

Согласно програмата на УЕФА за остручување и усовршување на тренерскиот кадар во фудбалските асоцијации, ФФМ беше поканета да присуствува на меѓународни семинари за размена на искуства и знаења во три различни држави и на три различни теми:

- Мај 2019 на тема женски фудбал, во Данска
- Септември 2019 на тема едукација на тренери, во Русија
- Октомври 2019 на тема школкси фудбал, во Италија

На сите овие семинари, ФФМ го испрати одговорниот за односниот оддел како и тренери/интруктори инволвирани соодветни на темата на семинарот. Идејата на овие семинари е размена на сопствените искуства и знаења со повеќе држави од европа а со цел подобрување на ситуацијата во одделот каде тие стручни лица/тренери припаѓаат.

Во месеците Мај и Септември а согласно меморандумот за соработка помеѓу Норвешка Фудбалска Федерација и Фудбалска Федерација на Македонија се одржаа два курса за развој на женски фудбал на кој учество земаа 44 жени кандидати за тренери и беа вклучени неколку клубови во реализација на програмата.
Во склоп на УЕФА годишната конференција за едукација на тренери одржана во Ноември 2019 на Кипар, ЦЕ на ФФМ беше претставен со директорот на едукација Небојша Марковски и координаторт за едукација Марио Ѓурчиновски.
Преглед на **вкупната бројка на тренери** кои поминале УЕФА едукација (на било кое ниво) 880

**УЕФА Про** – 74 (во тек е едукација на група од 24)
**УЕФА А** – 324
**УЕФА Б** – 458

Од горенаведените со Уефа диплома има **32 жени** од кои 7 со Уефа А и 25 со Уефа Б

**Национална Ц** – 180 од кои 12 жени

Тренери на голмани: курсот за **УЕФА А за тренери на голмани** го поминаа 16, до сега успешно го положија 7. Имаме и три инструктори за тренери на голмани кои се по автоматизам носители на УЕФА А за тренери на голмани.



Вкупно лиценцирани УЕФА тренери



Лиценцирани тренери мажи и жени соодност

Безбедност и сигурност

Одделот за безбедност и сигурност со Комисијата за безбедност во текот на 2019 година пролетен дел имаше активности според претходно изготвениот План и програма за 2019 година за превземање на мери и активности за сите (натпревари од домашно првенство во сите категории и лиги, меѓународни кфалификациски и пријателски натпревари на репрезентативно ниво во сите категории.

Во натпреварувачката 2018/2019 (пролетен дел) по писменото барање на Комисијата за натпреварување на Фудбалската федерација на Македонија како натпревари со зголемен ризик беа прогласени вкупно 05 натпревари за кои без превземени соодветни мерки за следниве натпреварувања:

Прва лига: 05
Втора лига (Исток и Запад): 02
Куп натпревари: 02
Бараж натпревари: 04
Футсал: 01

Во натпреварите од Прва лига жени како и младинско кадетско и пионерско натпреварување немаше натпревари од зголемен ризик.

Во овај период Одделот за безбедност врз основа на контактот со сите клубови од првата и втората македонска лига издаде одобренија за работа на комесарите и нивните заменици за безбедност а по претходен предлог од клубовите за кое писмено беше известен надлежниот орган Секторот за безбедност на МВР со доставување име и презиме, адреса на живеење и контакт телефони за сите комесари и нивните заменици истото известување заради комуникација беше доставено и до сите клубови од првата и втората македонска лига.
Одделот исто така во писмена форма а по претходно писмено барање беше известана од клубовите и за своите навивачки групи за кое комисијата изготви преглед на истите.

НАТПРЕВАРИ ОДИГРАНИ НА РЕПРЕЗЕНТАЦИИТЕ
Во овој период се одиграа неколку меѓународни кфалификациски и пријателски натпревари на репрезентативно ниво од сите категории.
,,А,, репрезентацијата одигра три натпревари кфалификациски и тоа со Латвија Полска и Австрија на домашен терен а со Словенија на гости. На сите натпревари комисијата за безбедност во делот на безбедноста и сигурноста зема активно учество во организација посебно како домаќини и притоа иако имавме натпревар со зголемен ризик прогласен од страна на УЕФА со репрезентацијата на Полска, од страна на делегатите и другите службени лица на УЕФА, Фудбалската федерација на Македонија имаше добиено позитивни оценки за организација во делот на безбедноста и сигурноста. Истотак и како гости на натпреварот со Словенија кој се одигра во Љубљана каде што имаше околу 1000 навивачи на Македонската репрезентација кои беа дел организирани од страна на Фудбалската федерација, немаше ниту еден инцидент.
Како домаќини на сите одиграни натпревари членовите на комисијата за безбедност активно зема учество во организирање на безбедносните мерки со цел превентивно, сигурносно и безбедно одигрување на натпреварите од пред неколку дена на натпреварот, за натпреварот и по натпреварот, при што може да се каже дека сите натпревари поминаа во најдобар ред,
Според годишниот План за работа на Комисијата за безбедност, на натпреварите имаше присуство на членови од комисијата за безбедност.
Останатите меѓународни фудбалски натпревари од категориите (У-16, У-18, У-19, женската репрезентација) кои се одиграа и беа организирани од страна на ФФМ немаше никакви инциденти и забелешки.

Одделот за безбедност активно врсши соработка со навивачките групи на клубовите за кои им свој регистар и редовно одржува состаноци со истите, доколку станува збор за натпревар од висок ризик заедно во соработка со МВР.

Организација на меѓународни натпревари

Во текот на исминатата 2019 година, организирани се голем број на меѓународни натпревари и турнири.
Организирани се домашните квалификациски натпревари на А и У-21 Националните тимови, сите во Скопје. Беа организирани Квалификациските натпревари за ЕУРО 2020 на А Националниот Тим Македонија – Латвија, Македонија – Полска, Македонија – Австрија, Македонија – Словенија и Македонија – Израел. За У-21 Националниот Тим беа организирани Квалификациските натпревари за ЕУРО 2021 Македонија – Фарски Острови и Македонија – Казакстан.

Организирани се три квалификациски мини турнири во ФУТСАЛ од кои два за А Футсал Националниот тим за пласман на Светско Првенство 2020 прелиминарна и квалификасиска рунда, кеде во прелиминарната рунда земаа учество А Националните Футсал Тимови на Македонија, Албанија, Грција и Сан Марино, а во квалификациската земаа учество А Националните Футсал Тимови на Македонија, Словенија, Украина и Косово. Беше организиран и квалификациски турнир за У-19 Футсал Националниот Тим за пласман на ЕУРО 2020 квалификциска рунда каде земаа учество Националните Тимови на Македонија, Украина, Белгија и Романија.
Организирани се два квалификациски мини турнири еден во машка и еден во женска конкуренција. Во машка конкуренција за фудбалери до 19 години со учество на Националните Тимови на Македонија, Англија, Босна и Херцеговина и Луксембург. Во женска Конкуренција за фудбалерки до 19 години со учество на Националните Тимови на Македонија, Франција, Словачка и Романија.
Организирани се во месец Март 2019 два развојни турнири за машки и женски фудбал за фудбалери до 16 години, на кои земаа учество во машка конкуренција Националните Тимови на Македонија, Грузија, Азербеџан и Саудиска Арабија, а во женска конкуренција Националните Тимови на Македонија, Грузија, Норвешка и Луксембург.
Беа организирани и голем број на пријателски натпревари за национални тимови на Македонија во сите категории во машка и женска конкуренција.
Фудбалската Федерација на Македонија во изминатите години, од година во година го зголемува бројот на меѓународните натпревари во сите конкуренции, со што го следи трендот на најголемите фудбалски федерации од Европа. Ова во голема мерка придонесува за развој на фудбалот, како и промовирање на македонскиот фудбал надвор од државата.

**<u>Зајакнување на професионалните капацитети на фудбалската администрација</u>**

Исто како и секоја година, како дела од иницијативата за добро раководење или популарно good governance, се врши инвестирање во развојот на фудбалската администрација. Истата беше дел од многу семинари и работилници кои се користеја за зголемување на познавањата од секоја област поединечно, како и размена на искуства со останатите членки асоцијации на УЕФА.

Вкупната едукациската надградба на генералниот секретаријат во ФФМ изгледа вака:

| | |
|---|---|
| Сертификат за фудбалски менаџмет (CFM) | 17 |
| Напреден спортски менаџмент ( МОК) | 1 |
| Диплома по фудбалски менаџмент ( DFM) | 4 |
| Магистерски студии за раководење со светски спортски модел (MESGO) http://www.mesgo.org/ | 1 + 1 кој сеуште ја посетува едукацијата и во 2019. |

Табеларен приказ на број на едуцирани лица од секретаријатот на ФФМ

Диплома по фудбалски менаџмент е програма исто така организирана од страна на УЕФА а академски поддржана од IDHEAP школата за бизнис администрација во Лозана. Од двата курса, учесниците се здобија и со кредит трансфер бодови кои можат да ги искористат понатаму во својата едукациска надградба.

МЕСГО програмата, преставува магистерски студии односно совршена комбинација помеѓу спортот и академската заедница. Програма зад која стојат 5 угледни универзитети и истражувачки институции кои ја предаваат програмата во соработка со спортските партнери. Дипломите од истите се од Универзитетот Sciences Po во Париз за првиот (https://www.sciencespo.fr) и за вториот кандидат CDES Универзитетот во Limogues (http://www.cdes.fr) од МЕСГО V програмата.

Континуирано се вршат едукации на клубскиот секретаријат особено во делот на тренерската струка, клубското лиценцирање, правила на судиска игра, докторите во клубовите итн преку редовни состаноци и средби.

## Социјална одговорност

И во изминатата година направивме коментирање со знаковен јазик на неколку фудбалски натпревари од Прва македонска фудбалска .
Одржан е семинар за лицата одговорни за лица со инвалидитет од клубовите од Првата лига.

По препорака на Фудбалската федерација на Македонија во меџец Октомври 2018: СОС Детско село - Македонија доби награда од УЕФА Фондацијата за деца за развој на спорт. Фондацијата Детско село и подари посебно признани на Фудбалската федерација на Македонија за својата соработка како и залагање за унапредување на животот на оваа категорија на деца кои се згрижени во фондацијата.

Во соработка со останатите партнери, ги реализиравме следните активности

-CAFÉ: организирање на активности во рамките на CAFÉ action week (http://www.cafefootball.eu)
- FARE: организирање на активности во рамки на FARE action week (https://farenet.org)
-World heart association: организирање на активности за одбележување на world heart day односно светскиот ден на срцето (https://www.world-heart-federation.org)

Продолжи постапката за воведување на систем за менаџирање со отпад и заштита на животната средина и сорабтока со фирмата ПАКОМАК.

Се поставија соларните панели на Куќата на Фудбалот и тренинг центарот на ФФМ како една од мерките за зачувување на животната средина и намалување на трошоците за елктрична енергија. Истите се ставени во функција во Месец Октомври 2019 година.

## Инфраструктура

ФФМ заедно со својата стручна служба за одржување на стадиони и механизацијата врши одредени активности на голем број на терени по претходно барање од истите.
Набавени се столчиња за одредени стадиони и истите се поставени на повеќето стадиони и игралишта низ државата.
Со одобрение на Хеттрик V програмата на УЕФА и упсешната апликација, се започна со подготовка на документацијата за Стадионите во Чаир (Скопје) и стадионот Биљанини извори (Охрид). На стадионот во Чаир се работи со забрзано темпо, а истото се очекува да започне набрзо и на стадионот во Охрид по завршување на сета потребна документација.
На стадионот во Прилеп е започната реконструкција на трибината од страна на Општина Прилеп и завршување на тревнатиот дел од страна на ФФМ како договорен дел програмата Хеттрик IV.
Од приграмата на ФИФА Форвард 1, се изврши апликација согласно договорените активности помеѓу ФИФА и ФФМ за поставување на рефлектори со лед светилки на главниот терен при тренинг центарот на ФФМ, појачување на светилките на помошнниот терен со вештачка трева, како и апликација за замена на веќе посточеките игралишта со вештачка трева со нова. Во фаза е подготовка на документацијата за овој проект.
Сите стадиони тековно се регистрираат во КОМЕТ системот и за истите се води евиденција.
Комисијата за инфраструктура вршиконтинуирана посета и дава понатамошни напатствија за отстранување на недостатоците на стадионите и игралиштата од сите натпреваруивања во организација на ФФМ.

Маркетинг и комуникации

Благодарение на успешноста на проектот со самостојно пренесување на натпревари од Прва МФЛ на наш сопствен канал се зголеми интересот од страна на телевизиските куќи за пренос на дел од натпреварите од Прва МФЛ на регионалните спортски телевизиски канали.
По искажаниот интерес од страна на Спорт Клуб и Арена Спорт и по доставените понуди од нивна страна беше одлучено да се потпише договор за продажба на ТВ права со Арена Спорт која во соработка со Македонската Радио Телевизија превзема обврска за продукција и прикажување на највеќе два натпревари од Прва МФЛ по натпреварувачко коло. Натпреварите се пренесуваат на МРТ 1 и во зависност од програмската шема на некој од регионалните канали на Арена Спорт.

Во 2019 година беа потпишани договори за продажба на ТВ права за квалификациските настапи на репрезентацијата до 21 година, како и за прв пат за женската А репрезентација која игра квалификации за пласман на евроспкото првенство во Англија во 2021 година.

Во 2019 година беа продолжени спонзорските договори со Кодин Горска и Сава Осигурување во времетраење од една година. По пауза од една година повторно беше потпишан спонзорски договор со компанијата ДС Дамат од Турција со времетраење до 2021 година.

Во 2019 година  е направено унапредување на дигиталната стратегија за развој на дигитални медиумски канали бележиме голем пораст во бројот на следбеници на социјалните мрежи.
Годината ја завршивме со повеќе од 92.000 следачи на фејсбук профилот на Фудбалска Федерација на Македонија, додека Инстаграм профилот има повеќе од 14.000 следачи, и тоа е воедно најбрзо растечкиот профил на социјалните медиуми со пораст од 50%. Во контекст на унапредувањето на дигиталната стратегија беше започната соработка со агенцијата Идеа Лаб која превзема изработка на креативи и комуникациски план посветен на објави на социјални медиуми, со што се унапреди директната комуникација со фановите и квантитативно – со постојано зголемен број на постови соодветни за специфичните мрежи, и со тоа дојде до квалитативно унапредување на комуникацијата.

Сообраќајот на веб страните на ФФМ бележи стабилен раст помеѓу 15 и 20 % во однос на 2018 година за главната веб страна ffm.mk и за fanshop.ffm.mk, додека страната tv.ffm.mk на која се вршат директни преноси од натпревари на Прва МФЛ, Втора МФЛ, Куп натпревари во различни категории и натпревари на младински и женски национални тимови бележи пораст од 43% во однос на 2018 година. Како главна причина за ваквиот пораст на посетеноста во 2019 година сметаме дека е заслужна архивата на натпревари до која сите корисници имаат пристап и може да претставува одлична основа за зголемување на базата на корисници во иднина.




Веб страни и дигитални канали




Албум со сликички Панини

За прв пат во нашата фудбалска историја беше потпишан договор за продажба на правата на лиценцирани колекционерски права, со реномираниот производител на официјални албуми со сликички Панини. Како дел од оваа соработка, за прв пат фудбалерите од нашата А репрезентација се најдоа на албу со сликични наречен „Патот до Европско Првенство“, а доколку нашата репрезентација се квалификува на Европското Првенство во 2020 година, повторно нашите репрезентативци ќе имаат свои сликички во албумот.

Уште една новост во 2019 година е соработката со КОНАМИ и Pro Evolution Soccer играта за Play Station. Благодарение на оваа соработка, Македонската фудбалска репрезентација се најде во составот со останатите фудбалски репрезентации застапени на PES, и ние како земја се здобивме со право да се натпреваруваме во квалификациите за eEURO 2020 кое УЕФА го организира во рамки на Европското Првенство 2020. Напредквалификациите организирани од страна на УЕФА беа избрани два учесници кои ќе ја претставуваат Македонија на квалификациските натпревари за eEURO 2020 закажани за 9 и 23 март, 2020 година.

Меѓународен успех

Изминатата година, до крајот на 2019 година, **А репрезентацијата на Македонија** забележа скок на ФИФА ранг листата и се најде на позицијата број 68 и е во рамките на зацртаната цел да се биде под 80 место.




Извор: https://www.fifa.com/fifa-world-ranking/associations/association/mkd/men/

По одигрување на квалификациите за Европското првенство ЕВРО 2020, ситуацијата на табелата изгледаше на следниот начин:

| Место | Тим | ОДГ | П | Н | И | ДГ | ПГ | РГ | Б |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Полска** | 10 | 8 | 1 | 1 | 18 | 5 | 13 | **25** |
| 2 | **Австрија** | 10 | 6 | 1 | 3 | 19 | 9 | 10 | **19** |
| **3** | **Македонија** | **10** | **4** | **2** | **4** | **12** | **13** | **-1** | **14** |
| 4 | **Словенија** | 10 | 4 | 2 | 4 | 16 | 11 | 5 | **14** |
| 5 | **Израел** | 10 | 3 | 2 | 5 | 16 | 18 | -2 | **11** |
| 6 | **Латвиа** | 10 | 1 | 0 | 9 | 3 | 28 | -25 | **3** |

Македонската фудбалска репрезентација го имаше најдобриот пласман досега не било кои од квалификациите, завршувајќи на третото место. Сеуште со шанса за пласман на ЕВРО 2020 преку плејофот кој се игра во Март, а како противници ни се репрезентацијата на Косово и победникот од натпреварот помеѓу Грузија и Белорусија.На извлечената ждребка во Декември 2019 се одредија и местата на одигрување на овие полуфинални натпревари: прввиот натпревар против Косово се игра во Скопје, додека финалето кај еден од победниците од дуелот помеѓу Грузија и Белорусија.

Доколку се избори пласман на ЕВРО 2020, натпреварите нашата најдобра репрезентација ќе ги одигра во Букурешт и Амстердам односно Будимпешта и Минхен ( во случај репрезентацијата на Романија исто така да биде пласирана).

**У-21 Националниот Тим** оствари добри резултати во Квалификациите за ЕУРО 2021, кој птродолжуваат и во текот на 2020 година.

Моментален ситуација на табелата **Група 6**

| Место | Тим | ОДГ | П | Н | И | ДГ | ПГ | РГ | Б |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Шпанија | 5 | 4 | 1 | 0 | 9 | 1 | 8 | **13** |
| 2 | Израел | 4 | 2 | 2 | 0 | 6 | 3 | 3 | **8** |
| 3 | Казакстан | 5 | 2 | 1 | 2 | 7 | 6 | 1 | **7** |
| **4** | **Македонија** | **4** | **2** | **1** | **1** | **10** | **6** | **4** | **7** |
| 5 | Црна Гора | 6 | 1 | 1 | 4 | 5 | 8 | -3 | **4** |
| 6 | Фарски Острови | 4 | 0 | 0 | 4 | 3 | 16 | -13 | **0** |

**Селектор:** Благоја Милевски
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **8** |
|---|---|
| Победи | 3 |
| Нерешени | 2 |
| Порази | 2 |

**У-19 (2001) Национален Тим на Македонија**
**Селектор:** Горан Станиќ
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **13** |
|---|---|
| Победи | 6 |
| Нерешени | 2 |
| Порази | 5 |

Оваа генерација на фудбалери родени 2001 год. по вторпат се пласира во Елитна рунда, што секако дека претставува голем успех како за фудбалерите и стручниот штаб, така и за ФФМ и целиот младински фудбал во Македонија. Во периодот од 25 – 31 Март 2020 год. оваа репрезентација ќе ги игра Елитна рунда квалификации за пласман на Европско првенство

**У-18 (2002)** Национален Тим на Македонија
**Селектор:** Шкумбин Арслани
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **7** |
|---|---|
| Победи | 2 |
| Нерешени | 2 |
| Порази | 3 |

**У-17 (2003)** Национален Тим на Македонија
**Селектор:** Горан Станковски
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **18** |
|---|---|
| Победи | 7 |
| Нерешени | 2 |
| Порази | 9 |

Националниот Тим У-17 (2003) во 2019 год. го презеде Горан Станковски, во текот на 2019 година одигра вкупно 15 подготвителни натпревари, најмногу од сите млади репрезентации, со цел што подобро да се подготви за квалификацискиот турнир во Полска, меѓутоа и покрај се не успеа да се пласира во Елитната група. Квалификациите ги играше во група со Полска, Белгија и Лихтенштајн.

**У-16 (2004) Национален Тим на Македонија**
**Селектор:** Добринко Илиевски
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **2** |
|---|---|
| Победи | 1 |
| Нерешени | 1 |
| Порази | 0 |

**Селектор:** Неџат Шабани

Резултати 2019:

| Одиграни натпревари | 7 |
|---|---|
| Победи | 4 |
| Нерешени | 1 |
| Порази | 2 |

**Селектор:** Драган Канатларовски
Резултати 2019:

| Одиграни натпревари | 4 |
|---|---|
| Победи | 1 |
| Нерешени | 2 |
| Порази | 1 |

По раскинот на договорот како селектор на репрезентацијата до 21 год. Добринко Илиевски беше назначен за селектор на репрезентацијата (У-16). По 2 одиграни само два натпревари си поднесе оставка и ја напушти оваа репрезентација, по што до назначување на нов селектор истата ја превзема Неџат Шабани, кој со истата генерација работеше во УЕФА ФФМ Академијата 2004. Од Јуни 2019 за селектор на овој Национален Тим беше назначен Драган Канатларовски.

**У-15 (2005)** Национален Тим на Македонија
**Селектор:** Тони Јакимовски
Резултати 2019:

| Одиграни натпревари | 13 |
|---|---|
| Победи | 3 |
| Нерешени | 4 |
| Порази | 6 |

Оваа репрезентација е во формирање и истата одигра 13 натпревари, што е над просекот. Најголемиот дел од фудбалерите кои играат за овој национален тим се од УЕФА ФФМ Академијата 2005. Претстојува оформување на истата со повик на фудбалери кои заслужуваат да бидат дел од репрезентацијата а не се во УЕФА ФФМ Академијата.

За разлика од 2018 год. кога младинските репрезентации одиграа вкупно **59 натпревари** и имавме скор од: 18 победи, 11 нерешени и 30 порази,
во 2019 год. одигравме вкупно **76 натпревари** и имавме
28 победи,17 нерешени и 31 порази
што е очигледно подобар скор од минатата година.

Исто така за разлика од минатата година кога ниту една од 2-те квалификациски генерации (У-17) и (У-19) не успеа да се квалификува во Елитна рунда, оваа година репрезентацијата до 19 год.(2001) предводена од селекторот Горан Станиќ успеа да се квалификува во Елитна рунда.
И останатите репрезентации одиграа доста квалитетни натпревари со силни противници и фудбалерите добија големо меѓународно искуство, кое е многу значајно за понатамошно остварување на што подобри резултати на меѓународен план.
Треба де се спомене и фактот дека во последните 3-4 год. имаме виден напредок и на УЕФА рејтинг листата за млади репрезентации, така што со репрезентацијата до 19 год. сме се поблиску до 2-та група по квалитет и тогаш ќе имаме поголеми шанси за пласман во Елитна група како и евентуален пласман на завршница на ЕП.

**Спортска Академија (2002)**
**Главен Тренер:** Марио Вујовиќ
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **2** |
|---|---|
| Победи | 0 |
| Нерешени | 1 |
| Порази | 1 |

**Спортска Академија (2003)**
**Главен Тренер:** Влатко Грозданоски
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **1** |
|---|---|
| Победи | 1 |
| Нерешени | 0 |
| Порази | 0 |

**УЕФА ФФМ Академија (2004)**
**Главен Тренер:** Неџат Шабани
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **2** |
|---|---|
| Победи | 0 |
| Нерешени | 0 |
| Порази | 2 |

**УЕФА ФФМ Академија (2005)**
**Главен Тренер:** Тони Јакимовски
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **11** |
|---|---|
| Победи | 3 |
| Нерешени | 3 |
| Порази | 5 |

**Женски фудбал**

**А Национален Тим ЖЕНИ**
**Главен Тренер:** Кирил Изов
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **8** |
|---|---|
| Победи | 1 |
| Нерешени | 1 |
| Порази | 6 |

Женскиот национален тим сеуште се натпреварува во квалификациите за Европското првенство и моментално табелата на која се наоѓа изгледа вака:

| Место | Тим | ОДГ | П | Н | И | ДГ | ПГ | РГ | Б |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Австрија | 4 | 4 | 0 | 0 | 16 | 0 | 16 | **12** |
| 2 | Франција | 2 | 2 | 0 | 0 | 9 | 0 | 9 | **6** |
| 3 | Србија | 4 | 2 | 0 | 2 | 9 | 7 | 2 | **6** |
| **4** | **Македонија** | **4** | **1** | **0** | **3** | **4** | **13** | **-9** | **3** |
| 5 | Казакстан | 4 | 0 | 0 | 4 | 1 | 19 | -18 | **0** |

**У-19 Национален Тим ЖЕНИ**
**Главен Тренер:** Астрит Мерко
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **7** |
|---|---|
| Победи | 0 |
| Нерешени | 0 |
| Порази | 7 |

**У-17 Национален Тим ЖЕНИ**
**Главен Тренер:** Тоше Нацев
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **11** |
|---|---|
| Победи | 0 |
| Нерешени | 4 |
| Порази | 7 |

**Проект за развој на млади фудбалерки (У-16, У-15, У-14 и У-13)**
**Координатор на проектот:** Добре Димовски
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **3** |
|---|---|
| Победи | 1 |
| Нерешени | 0 |
| Порази | 2 |

**Вкупно одиграни натпревари во женски фудбал**
Резултати 2019:

| **Одиграни натпревари** | **29** |
|---|---|
| Победи | 2 |
| Нерешени | 5 |
| Порази | 22 |

Женскиот фудбал има мал напредок во однос на последните 2-3 год., меѓутоа сеуште сме многу далеку од Европскиот женски фудбал.

**ФУТСАЛ**
**А Национален Тим ФУТСАЛ**
**Селектор:** Иван Божовиќ
**Резултати 2019:**
**Квалификации Прелиминарна Рунда:**
Македонија – Грција 5:3 / Македонија – Сан Марино 7:0 / Македонија – Албанија 3:2

**Квалификации Главна Рунда:**
Македонија – Словенија 1:6 / Македонија – Косово 5:7 / Македонија – Украина 1:5
**Пријателски натпревари:**
Босна и Херцеговина – Македонија 3:3 / Босна и Херцеговина – Македонија 9:5

**КВАЛИФИКАЦИИ ЗА СВЕТСКО ПРВЕНСТВО**
**Прелиминарна Рунда**
**Група C**

| Место | Тим | ОДГ | П | Н | И | ДГ | ПГ | РГ | Б |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Македонија** | **3** | **3** | **0** | **0** | **15** | **5** | **10** | **9** |
| 2 | **Албанија** | 3 | 2 | 0 | 1 | 12 | 6 | 6 | **6** |
| 3 | **Грција** | 3 | 1 | 0 | 2 | 9 | 11 | -2 | **3** |
| 4 | **Сан Марино** | 3 | 0 | 0 | 3 | 1 | 15 | -14 | **0** |

**Главна Рунда**
**Група 2**

| Место | Тим | ОДГ | П | Н | И | ДГ | ПГ | РГ | Б |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Словенија** | 3 | 2 | 1 | 0 | 15 | 4 | 11 | **7** |
| 2 | **Украина** | 3 | 2 | 1 | 0 | 14 | 4 | 10 | **7** |
| 3 | **Косово** | 3 | 1 | 0 | 2 | 9 | 19 | -10 | **3** |
| **4** | **Македонија** | **3** | **0** | **0** | **3** | **7** | **18** | **-11** | **0** |

**У-19 Национален Тим ФУТСАЛ**
**Селектор:** Зоран Лекиќ
**Резултати 2019:**
**Квалификации Главна Рунда:**
Македонија – Украина 1:6 / Македонија – Романија 2:7 / Македонија – Белгија 0:9

**Пријателски:**
Македонија – Хрватска 3:3 / Македонија – Хрватска 4:6

**КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО**
**Главна Рунда**
**Група 4**

| Место | Тим | ОДГ | П | Н | И | ДГ | ПГ | РГ | Б |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Украина** | 3 | 3 | 0 | 0 | 14 | 7 | 7 | 9 |
| 2 | **Белгија** | 3 | 2 | 0 | 1 | 15 | 4 | 11 | 6 |
| 3 | **Романија** | 3 | 1 | 0 | 2 | 12 | 11 | 1 | 3 |
| **4** | **Македонија** | **3** | **0** | **0** | **3** | **3** | **22** | **-19** | **0** |

Во текот на изминатата година, Фудбалската федерација на Македонија работеше согласно поставените цели од стратешкиот план 2016-2021-2018 година и креираните буџет планови.

Поради пратењето на последните трендови, нови проекти и програми зададени од страна на ФИФА и УЕФА, во текот на 2020 година ќе се направи детална анализа на постигнатите цели за сите години од одобрувањето на Стратешкиот план. Исто така ќе се пристапи кон нова ажурирана верзија на Стратешкиот план вклучувајќи некои од постојните цели, како и дополнување на истите.